Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-334/7
06-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-334/1 од 26.4.2023 година поднесена од [redacted] од Србија, преку адвокатка полномошник [redacted] од Скопје, против [redacted] вработен во Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пензиско и инвалидско осигурување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 5.7.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на пензиско и инвалидско осигурување сторена од страна на [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-334/1 од 26.4.2023 година, од страна на [redacted] од Србија, преку адвокатка полномошник [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пензиско и инвалидско осигурување од страна на [redacted] вработен во Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ.

Согласно наводите од претставката, адвокатката на подносителот во 2022 и 2023 година на повеќе наврати се обраќала до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ("**ПИОМ**" или "**Фондот**"), поточно до [redacted] раководител во ПИОМ, во врска со решение за исплаќање на пензија од 2018 година. Имено, како што се наведува во претставката, [redacted] од Србија е наследник на [redacted] која од 2018 година, врз основа на решение, требала да прима парични средства од ПИОМ по основ на пензија. Потребните документи за исплата на пензијата на име на [redacted] биле доставени до ПИОМ во 2022 година, но адвокатката наведува дека од страна на службениците во ПИОМ и било кажано дека истите ги нема. Претставката ја поднесува поради тоа што [redacted] смета дека е дискриминиран врз основа на етничка припадност, односно поради фактот што е [redacted] од страна на одговорниот раководител [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 8.5.2023 година испрати Известување бр. 08-334/3 за произнесување по наводите од претставката до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ. Бидејќи и по истекот на законскиот рок сè уште не беше доставен одговор од страна на Фондот, Комисијата на ден 13.6.2023 година испрати Ургенција бр. 08-334/4 за произнесување по наводите од претставката.

На ден 19.6.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Фондот како одговор на претставката.

Оттаму известуваат дека по добиено Известување од Одделението за исплата на пензиските примања, на именуваниот [redacted] му е исплатена оставина од неисплатените пензии на неговата покојна мајка [redacted].

На ден 4.7.2023 година, адвокатката [redacted] лично до Комисијата достави доказ-евиденција од приливи на сметка на именуваниот, за извршената исплата.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дека била сторена дискриминација од страна на раководителот [redacted]

Имено, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Оттука, согласно вака цитираната законска дефиниција, за да постои дискриминација мора да има одредено дејствие со кое би било повредено одредено право на подносителот, и тоа врз некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај, Комисијата не пронајде факти и околности кои упатуваат на сторена дискриминација врз основа на етничката припадност на подносителот, ниту врз било која друга основа. Непостапувањето на Фондот во наведениот период не беше доведено во причинско-последична врска со фактот што подносителот на претставката е [redacted] Дотолку повеќе, во времето на носење на ова мислење, средствата се целосно исплатени на име на подносителот.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пензиско и инвалидско осигурување од страна на [redacted] врз [redacted]

Скопје
6.7.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, ул. 23-ти Октомври бр. 11, 1000 Скопје
- [redacted]